Универзитет Св. Кирил и Методиј
Педагошки факултет Св.Климент Охридски
Бр. 02 - 725/6
05.11. 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на чл. 3 ст. 2 од Одлуката за спроведување на избори за претседател и членови на факултетското студентско собрание (во натамошниот текст избори за ФСС), Изборната комисја, на ден 5.11.2019 год., ја донесе следната

# ОДЛУКА

## за формирање на поткомисии за реализација на собирите на студенти за нотирање на предлог на кандидати за претседател и членови на факултетското студентско собрание на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје

Член 1

Се формираат поткомисии за реализација на собирите на студенти по години, студиски програми и степени на образование, за нотирање на предлози на кандидати за избор за претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" Скопје.

Член 2

За членови на поткомисијата од чл. 1 на оваа Одлука, за реализација на собирот на студенти од прва и втора година, за студиските програми Одделенска настава и Предучилишно воспитание, на македонски, албански и турски наставен јазик, кој ќе се одржи на 11 ноември во 13 и 14 ч., се утврдуваат:

1. Проф. д-р Љуљзим Адеми;
2. Шпреса Гаши и
3. Ана Колевска.

Член 3

За членови на поткомисијата од чл. 1 на оваа Одлука, за реализација на собирот на студенти од трета и четврта година, за студиските програми Одделенска настава и Предучилишно воспитание, на македонски, албански и турски наставен јазик, кој ќе се одржи на 12 ноември во 13 и 14 ч., се утврдуваат:

1. Доц. д-р Весна Хорватовиќ;
2. Билјана Давиткова и
3. Нурија Фазли.

Член 4

За членови на поткомисијата од чл. 1 на оваа Одлука, за реализација на собирот на студенти за студиската група Библиотекарство и студентите од полседипломски и докторски студии, кој ќе се одржи на 13 ноември во 13 и 14 ч., се утврдуваат:

1. Доц. д-р Анита Штерјоска – Митреска;
2. Ѓулхан Рушитовска и
3. Ивана Јорданоска.

Член 5

Се утврдува дека:

- Собирот на студенти за прва година, за студиските програми Одделенска настава и Предучилишно воспитание, ќе се одржи на ден 11 ноември 2019 година со почеток во 13 часот во Амфитеатар 1;
- Собирот на студенти од втора година, за студиските програми Одделенска настава и Предучилишно воспитание, ќе се одржи на ден 11 ноември 2019 година со почеток во 14 часот во Амфитеатар 1;
- Собирот на студенти од трета година, за студиските програми Одделенска настава и Предучилишно воспитание, ќе се одржи на ден 12 ноември 2019 година со почеток во 13 часот во Амфитеатар 1;
- Собирот на студенти од четврта година, за студиските програми Одделенска настава и Предучилишно воспитание, ќе се одржи на ден 12 ноември 2019 година со почеток во 14 часот во Амфитеатар 1;
- Собирот на студенти за студиската група Библиотекарство, ќе се одржи на ден 13 ноември 2019 година со почеток во 13 часот во Амфитеатар 1 и
- Собирот на студенти од посдипломски студии од сите години и од докторски студии од сите години ќе се одржи на ден 13 ноември 2019 година со почеток во 14 часот во Амфитеатар 1;

Член 6

За претставници ќе се предлагаат по минимум еден кандидат од секоја година, секоја студиска програма и степен на образование.

Член 7

Членовите на поткомисиите ги запишуваат предложените кандидати во Листите за кандидати, поединечно за секоја студиска година, студиска програма и циклус на образование, од предлагачи студенти во соодветната година, студиска програма или циклус на образование, со внес на презимне и име на кандидатот и бројот на неговиот индекс.

Член 8

По завршување на собирот и предлагањето на кндидатите, потпишаните листи од сите членови на поткомисијата, се доставуваат до претседателот на изборната комисија, преку архивата на Факултетот.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувње.

Претседател на изборната комисија,
Проф.д-р Весна Макашевска

ДН

- Членовите на Изборната комисија по меил
- Членовите на поткомисиите, по меил
- ВЕБ страната на Факултетот
- Секретар
- Архива